РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: 02. 07. 2025 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг.Един.: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 125 | | |

( Образец ПП……)

**До: Општина Битола**

**(имател на информацијата)**

## Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: /

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Кои важни проекти од програмата на градоначалникот за периодот 2021–2025 се целосно реализирани досега?
2. Кои од ветените активности сè уште не се започнати и зошто?
3. Дали во текот на мандатот беа додадени нови активности што не беа дел од првичната програма? Ако да, кои се и зошто беа вклучени?
4. Кои беа најголемите предизвици со кои Општината се соочи во спроведувањето на програмата во овој мандат?
5. Кои проекти се сметаат за најуспешни и зошто?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Радовиш, 01.07.2025 година.** ____________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.125/2
02.07.2025

**До**
**Кабинет на Градоначаник**
**Општина Битола**

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-125 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

______________________

Примил: 02.07.2025

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 18. 07. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 125/3 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

Градоначалник

До

**Емилија Илиевска**
**Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Почитувани,**

Во врска со доставените прашања од барањето за пристап до информации од јавен карактер, Ви ги доставуваме следните одговори:
**1.Реализирани проекти од програмата на градоначалникот за периодот 2021 – 2025 се следните :**

1. Изградба и реконструкција на улици и интервенции во уличната инфраструктура (водовод,канализација и коловоз ) во градски населби и рурални места
2. Нов кружен тек кај Ветеринарна станица
3. Ревитализација на рекреативен центар „Тумбе Кафе“ – Смолево
4. Нов парк во Нова Битола со содржини
5. Донесена стратегија за Локален Економки развој со прецизен Акциски план за обезбедување на нови инвестиции и нови работни места
6. Програма за енергетска ефикасност 2023-2025
7. Поддршка на занаетчиството и малите локални бизниси преку олеснувања и бенефиции
8. Вложувања во енергетска ефикасност и обновливи извори – 10 основни и средни училишта имаат поставени фотонапонски централи (фотоволтаици), во тек е поставување на нова енергетски ефикасна фасада во ОУ „Стив Наумов“.
9. Дигитализација на Општина Битола и он-лајн услуги
10. Обуки за поефикасна и обучена општинска администрација
11. Воспоставен принцип на отчетност, одговорност и транспарентност
12. Донесена програма од страна на Совет на општина Битола за сузбивање на корупција и иформирање на граѓаните за преземените мерки за сузбивање на корупција и начин на пријавување

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mkwww.bitola.gov.mk

13. Интензивирање на соработката со општини од ЕУ, воспоставување на европски практики и имплемнтирање на европски вредности и зголемување на сорботкака со погранични општини од евро регионот

14. Изградени примарни велосипедски патеки и вело премини, еднократна субвенција за купување велосипеди

15. Поставени смирувачи на сообраќајот пред сите одновни и средни училишта

16. Изработена студија за решавање на проблемот со субстандардни услови за домување кај ромското население во населба Баир

17. Подобрена комуникација со месни и урбани заедници при одредување на приоритетите во годишните програми за асфалтирање,водовод,канализација и други инфраструктурни зафати преки организирани денови на идеи

18. Рекунструктивни инвестиции во сите основни и средни училишта

19. Зголемување на капацитетите за згрижување во предучилишно образование

20. Формиран центар за работа со деца со попреченост, кризен центар за жени и деца, организирање на обуки за негователи во домот, асистенти за придружба и.т.н

21. Поддршка на здруженија и организации

22. Изграден стационар за бездомни животни

23. За прв пат, општина Битола спроведе субвенционирање и поддршка преку проектот „Енергетски ефикасни домови" за колективните згради во 2022 година, постари од 30 години, со реновирање на надворешните фасади на зградите и овозможување зголемена енергетска ефикасност на жителите на станбените објекти,

    2022 год. - 3.000.000 денари.
    2023 год. – 3.000.000 денари Изработени 4 згради

24. Клими

2023 – субвенционирани со 4.000.000 денари
2024 – субвенционирани со 3.000.000 денари
2025 - субвенционирани со 3.000.000 денари

25. Дограма

2023год. - субвенционирани со 1.600.000 денари
2024 год. – субвенционирани со 2.000.000 денари
2025 год. - субвенционирани со 1.000.000 денари

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mkwww.bitola.gov.mk

26. Велосипеди

2022 год. – 1.000.000 денари
2024 год. – предвидени 1.000.000

**Меѓународно вмрежување на општина Битола**

Општина Битола е дел од Иницијативата за региони со јаглен во транзиција во Западен Балкан и Украина, преку кој се согледува можноста за споредба, соработка и искористување на позитивни искуства од регионот и цела Европа во однос на процесот на декарбонизација.

Општина Битола е единствен претставник од земјава во Иницијативата за региони со чист воздух (CARI), која е иницирана од Секретаријатот на Енергетската заедница, со поддршка на Зелениот центар на Западен Балкан. Целта е да ги поттикне регионите и заедниците на договорните страни да преземат акција во областа на квалитетот на воздухот на доброволна основа и да постигнат подобрувања преку воведување мерки за намалување на загадувањето на воздухот.

Дел од ICLEI - меѓународна невладина организација која промовира одржлив развој на локалните самоуправи

**Проекти кои се во тек на реализација :**

1. Проект Топлификација
2. Изградба на нова противпожарна зграда
3. Нов мултифункционален спортски комплекс
4. Изградба на влез од страна на Прилеп
5. Изградба на пречистителна станица и колекторски систем
6. Изработка на нов Генерален урбанистички План
7. Реконструкција на терените за спорт и спортските сали за училишен спорт во основните и средни училишта како во урбаните така и во руралните места
8. Во постапка е изготвување на проектна документација за 4 училишта за комплента енергетска ефикасност (покрив, дограма, фасада и поставување на фотоволтаици)

**2**. Од ветените активности, речиси 90 % се или изведени, или во тек се постапки за нивно отпочнување, што значи собирање и подготовка на проектни документации итн.

**3.** Секако дека, покрај визијата изразена преку програмата на градоначалникот, по преземањето на раководството на локалната самоуправа, произлегоа и други активности кои најчесто се должеа на долгогодишна запоставеност на одредени области, неизготвена документација и непреземени мерки. Сепак, сите тие проекти може да се вбројат во областите наведени во програмата. Реализацијата и на овие проекти и активности има за цел да го подобри квалитетот на животот во општината.

**4.** Еден од најголемите предизвици со кои што се соочи општина Битола во спроведувањето на програмата во изминатите речиси 4 години, пред се потекна од воената интервенција во Украина. На светските пазари, па и на домашниот пазар, воените дејствија предизвикаа голем пораст на цените, со што дадени проекти, кои веќе беа во постапка, или беа проектирани по една цена, претрпеа голема промена. Тоа значеше голем предизвик за општината, бидејќи на веќе добиени проекти со фиксна цена, мораше да се бара решение за дополнување на средствата. Исто така, голем предизвик при реализацијата на проектите беше слабата поддршка од дел од советниците во Советот на општина Битола, која резултираше со стопирање на одредени европски проекти, донации и нивна реализација.

**5.** Во четиригодишниот мандат на градоначалникот на Општина Битола, Тони Коњановски, реализирани се повеќе проекти со кои направени се значителни измени и позитивни придвижувања во повеќе области.

- Изградба на нова противпожарна зграда (Објектот е изграден, следува негово опремување. Постоечката не ги задоволува потребните услови, а во Битола се наоѓа најстарата противпожарна единица на Балканот формирана во 1836 година).

- Зголемување на капацитетите на детските градинки: Изградба на детска градинка во АРМ, Адаптација на нова детска градинка во поранешниот Дом за доенчиња и мали деца. (Со ова ќе се овозможи намалување на долгите листи на чекање за запишување на деца во детските градинки).

- Реконструкција на трибините на Стадинот „Петар Милошевски“ – завршена северната трибина, во тек е реконструкција на јужната трибина, поставени рефлектори, во тек е и исполнување на условите на УЕФА, за одигрување на меѓународен натпревар за селекциите до 21 година, помеѓу Македонија и Италија.

- Реконструкција на спортски терени и игралишта во училиштата (поттикнување на спортскиот дух кај младите)

- Битола вело град: Изградба на нови велосипедски патеки – после 11 години реализација на Проектот во должина од над 5 километри

- Изградба и реконструкција на патна инфраструктура во урбаниот и руралниот дел на општината, на локации на кои не се инвестирало со децении

- Дигитализација на услугите за граѓаните – постепено воведување на нови дигитални услуги со кои се олеснува пристапот на граѓаните до општината (електронски преглед и плаќање на даночни обврски, електронско управување со документи, електронско аплицирање за субвенции, апликација за следење на автобуски линии)

**Со почит,**
**Кабинет на градоначалникот на општина Битола**
**Тони Коњановски**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mkwww.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-125/4
18.07.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер о[redacted], поднесено на **02.07.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ УВАЖУВА** барањето на[redacted]о барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-125/2025** од **02.07.2025 година**, каде бара информација за проекти од порграмата на градоначалникот за период 2021-2025 година, ветени активности, нови активности и најуспешни проекти.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот[redacted]однесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број **бр.11-125/2025** од **02.07.2025 година**. Во барањето наведе дека бара информација за проекти од порграмата на градоначалникот за период 2021-2025 година, ветени активности, нови активности и најуспешни проекти.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-125/1 од 02.07.2025
2.Допис до Кабинет на градоначалник со бр.11-125/2 од 02.07.2025
3.Одговор од  до Кабинет на градоначалник со бр.11-125/3 од 18.07.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 18.07.2025 година, под бр. 11-125/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА